Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-БИТОЛА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено | 29.08.2024 | | |
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03- | 477/1 | | |

# ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-72**
**Датум: 29.08.2024 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Климент Охридски" бр. 18 – Битола | |
| Адреса за е-пошта | info@muzejbitola.mk | |
| Телефон | 047 233 187, 075 298 758 | |
| Матичен број на субјектот | 4012232 | |
| Даночен број на субјектот | 4002981102913 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180100991160311 | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: Мери Стојанова, директор | Телефон 075 298 758 | Е-пошта etno_m@yahoo.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 22.08.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 09.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.08.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 15.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола | | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра 91.03) и Дејности на музеите (шифра 91.02) | | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Климент Охридски" бр. 18 – Битола | | | |


Министерство за култура
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Наредбата ИП1 бр. 57-72 од 19.08.2024 г., издадена од министерот за култура и туризам.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ **(во натамошниот текст: СУИН на МК)**.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола **(во натамошниот текст: Завод)**, од аспект на примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) **(во натамошниот текст: ЗК)** во работењето на Заводот, како и наменското користење на одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МКТ, за реализација на годишната програма за работа на Заводот за 2023 година.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Мери Стојанова, директор | 075 298 758 | etno_m@yahoo.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | Светлана Чкиневска, сметководител – советник за финасиско работење | 075 298 714 |
| 2. | Ленче Митревска, благајник | 075 298 911 |
| 3. | Јасминка Димовска, технички секретар со договор на дело | 075 298 848 |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, Мери Стојанова била избрана за директор на Заводот, со мандат од четири години, со Решение на министерот за култура бр. 44-912/2 од 24.01.2024 година. Претходно, со решенија на министерот за култура бр. 43-921/1 од 22.1.2018 г., бр. 43-921/3 од 18.7.2018 г., бр. 44-1038/1 од 18.1.2019 г. и бр. 44-1038/2 од 17.7.2019 г., Мери Стојанова била повеќепати именувана за в.д директор од редот на вработените, додека, по пат на јавен оглас, Мери Стојанова била избрана за директор на Заводот со Решение на министерот за култура бр. 44-1080/2 од 24.01.2020 година.

- Во Заводот, во примена е Статутот бр. 01-155/4 од 11.08.2023 г., донесен од страна на Управниот одбор согласно со член 36 став (1) точка 1 од ЗК („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а за коишто согласно со член 25 став (2) од истиот Закон, е дадена потребната согласност од министерот за култура со Решение бр. 53-8026/2 од 05.09.2023 година.

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Заводот до МК има доставено извештај за финансиското работење и за остварување на годишната програма за работа установата за периодот 01.01.2023-30.06.2023 г., бр. 01-356/1 од 13.07.2023 г. и извештај за финансиското работење и за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.07.2023-31.12.2023 г., бр. 01-6/1 од 10.01.2024 година.

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, според кој националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Заводот до МК доставил Годишен извештај за работа на Заводот за 2023 г. бр. 01-176/1 од 04.03.2024 година (заведен во МК под бр. 32-3260/1 од 08.03.2024 г.), како и поединечни извештаи по дејности.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Заводот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 03-312/1 од 30.06.2022 г. (заведен во МК под бр. УП1 бр. 31-188 од 01.07.2022 г.), како и дополнувања на Нацрт-годишната програма, а за којашто од страна на УО се дадени потребните согласности. Исто така, Заводот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2024 година под бр. 03-338/1 од 03.07.2023 г. (заведен во МК под бр. УП1 бр. 32-733 од 04.07.2023 г.), како и дополнувања на Нацрт-годишната програма, а за којашто од страна на УО се дадени потребните согласности.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека по доставувањето на решението на министерот за култура за проектите од национален интерес во културата, УО на Заводот донел Одлука бр. 02-153/3 од 15.03.2023 г. за усвојување на Годишна програма за работа за 2023 г., иако директорот на Заводот не ја донел Годишната програма, туку УО, практично, го усвоил Решението од министерот за култура. Исто така, по доставувањето на решението на министерот за култура за проектите од национален интерес во културата, УО на Заводот донел Одлука бр. 02-148/8 од 21.02.2024 г. за усвојување на Годишна програма за работа за 2024 г., иако директорот на Заводот не ја донел Годишната програма, туку УО, практично, го усвоил Решението од министерот за култура.

- Според проверката на платниот список за последна исплатена плата за месец јули 2024 година за вработените во Заводот, во редовен работен однос се евидентирани 47 извршители (вклучително и директорката), од коишто 42 работат во админстративното седиште на Установата. При надзорот е утврдено доаѓањето на работа на вработените се евидентира само на лист хартија, односно дека во Заводот не е поставен систем за електронска евиденција на работното време на вработените, што е обврска по член 116 став (6) и (7) од Законот за работните односи според којшто „работодавачот е должен да води евиденција за полното работно време“ и „работодавачот кој има над 25 вработени и кај кого процесот наработа се врши на една или повеќе локации е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа“.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2023 г. финансирана е дејноста на Заводот со средства во вкупен износ од **53.953.744** денари (од коишто **5.000** денари се преведни во 2024 г.). Дополнително, во текот на 2023 г. преведени се средства во износ од **122.973** денари за преостанати обврски од 2022 г. и тоа 40.000 денари за проект од издавачката дејност и 82.973 денари за проекти од визуелни уметности, архитектура и дизајн.

Според годишните договори за 2023 г. и финансиската документација во Заводот, средствата во вкупен износ од денари се преведени за следните намени:

- **плати, придонеси од плати и К15** — **35.590.731 денари**
- **програмски активности** — **12.468.560 денари**
- **материјални трошоци** — **1.291.028 денари**
- **електрична енергија** — **2.960.000 денари**
- **комунални услуги** — **400.000 денари**
- **материјали за греење** — **900.000 денари**
- **исплата на отпремнини и парична помош** — **343.425 денари**

Според Банковиот извод бр. 91 од 26.12.2023 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Заводот изнесувало 1.019.951 денари (777.027 денари од средствата за електрична енергија, 74.197 денари од заштита на недвижното културно наследство, 82.875 денари од музејската дејност, 2.062 денари од меѓународна дејност, 733 денари од материјални трошоци и 4.290 денари од средствата за плати) коишто на 31.12.2023 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените средства, според годишните договори, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р.бр. | Програма | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 50 – Заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра | 16.031.694 | -10.137.241д. за проекти и 5.894.453 д. за материјални трошоци, електрична енергија, комунални трошоци, материјали за греење и за отпремини и парична помош |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | 80 – Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство | 1.545.000 | |
| 3. | 10 – Издавачка дејност | 380.000 | |
| 4. | 60 –Визуелни уметности, архитектура и дизајн | 122.294 | Од коишто 5.000 денари се преведени во текот на 2024 г. |
| 5. | 90 и 93 – Меѓународна дејност | 284.025 | |
| | **Вкупно:** | **18.363.013 денари** | |

<u>50–Заштита на недвижното културно наследство</u>

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на заштита на недвижното културно наследство, бр. 32-2056/1 од 03.03.2023 г. и анекс –договорите бр. 32-2056/29 од 13.06.2023 г., бр. 32-2056/60 од 27.09.2023 г. и бр. 32-2056/76 од 28.12.2023 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од **6.550.491** денар, од кои **4.447.960** денари за проекти и **2.102.531** денари за материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги, материјали за греење, парична помош и трошоци по основ на судско порамнување.

Проектите од областа на заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р.бр. | Назив на проект | Одобрени преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Непосредна заштита - Реализација на проект за реставрација и конзервација на архитектурата и ѕидното сликарство на централната купола на црквата Св.Преображение во с.Гопеш Битола IV фаза | 200.000 | 200.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници и теренски додаток, како и по фактури за гориво и материјали за работа<br>- Платено по повеќе банковни изводи<br>-Теренски додаток во износ од 82.820 д. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Одржување на спомeничката целина археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис-Битола | 200.000 | 199.905 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници и теренски додаток, како и по фактури за гориво и материјали за работа<br>- Платено по повеќе банковни изводи<br>-Теренски додаток во износ од 6.288 д. |
| 3. | Реализација на конзерваторски проект,,Проект за конзервација и реставрација во ентериерот на Мехмед Ефенди-Јени џамија во Битола (ѕидно сликарство, дрвени, метални, мермерни, гипсени, фајансни декоративни и архитектонски елементи, мобилијар) продолжение на прва фаза (трем) | 500.000 | 461.360 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници и теренски додаток, како и по фактури за гориво, копирање и печатење и материјали за работа и поправки<br>- Платено по повеќе банковни изводи<br>-Теренски додаток во износ од 54.700 д., од коишто додаток е исплатен и за 6 дена што не се според критериумот за 3 последователни дена |
| 4. | Конзервација и реставрација на фасадите на Спомен Куќа на Стеван Наумов -Стив,на ул.Пецо Божиновски бр.11 Битола-VI ФАЗА | 300.000 | 299.951 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за гориво и материјали за работа и поправки<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| 5. | Конзервација и реставрација на кровот на „Сарајот на Нијази бег,,(Домот на културата Драги Тозија) во Ресен -III ФАЗА | 1.011.132 | 1.011.132 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор и фактура од „БВ Инжинеринг"-Битола<br>- Платено по 2 банковни изводи |
| 6. | Конзервација и реставрација на фасадите на Спомен куќата на Гоце Делчев на | 300.000 | 295.148 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за |


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ул.Стево Патако бр.7 (бр.11) Битола-V ФАЗА | | | гориво и материјали за работа и поправки<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| 7. | Изработка на конзерваторски проект за реконструкција и адаптација на објектот на старото школо на КП.2524, КО Љубојно, општина Ресен | 770.000 | 740.791 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за гориво, нотарски услуги, копирање и печатење и материјали за работа и поправки<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| 8. | Реализација на непосредна заштита на "Проект за конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во црквата Свети Ѓорѓи с.Курбиново" 2023 година | 1.850.000 | 1.849.998 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници и теренски додаток, како и по фактури за сместување, гориво, патни трошоци, канцелариски материјали, средства за хигиена, одржување на опрема, репрезентација, копирање и печатење, материјали за работа и др.<br>- Платено по повеќе банковни изводи<br>-Теренски додаток во износ од 575.922д<br>-Нема евиденцијата за теренски додаток |
| 9. | Конзервација и реставрација на I фаза архитектурата и конструкција на црквата Св.Ѓорѓи, с.Курбиново – III фаза | 3.710.000 | 3.709.383 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за теренски додаток, како и по фактури за гориво, за реконструкција на споменици (извршени по времени ситуации), материјали за работа и др.<br>- Платено по повеќе банковни изводи<br>-Теренски додаток во износ од 61.144 д., од коишто додаток е исплатен и за 1 ден што не е последователен со др. денови на терен<br>-Евиденцијата за теренски додаток не е целосна |
| 10. | Увид во состојбата и тековно одржување на спомениците од НОБ на територијата поднадлежност на НУ „Завод за заштита на спомениците | 185.000 | 184.980 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за гориво, материјали за работа и поправки и набавка на опрема<br>- Платено по повеќе банковни изводи |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на културата и Музеј“ – Битола | | | -Теренски додаток во износ од 91.805 д. |
| 11. | Конзервација и реставрација на фасадите на НУ „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј'-Битола на ул,Климент Охридски бр.18- IV фаза | 700.000 | 700.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешен соработник, како и по фактури за реконструкција на споменици (извршени по времени ситуации)<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| 12. | Конзервација и реставрација на I фаза архитектурата и конструкција на црквата Св.Ѓорѓи, с.Курбиново | 411.109 | 411.109 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор и фактура од „БВ Инжинеринг“-Битола<br>- Платено по Банковен извод бр. 80 од 01.12.2023 г. |
| | **Вкупно:** | **10.137.241 денари** | **10.063.777 денари** | - **73.464.енари се вратени во Буџет** |

**<u>- Материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги, материјали за греење и отпремнини и парична помош</u>**

Реализацијата на средствата според намени е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Намена | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Електрична енергија - конто 421110 | 2.960.000 | 1.640.986 | -Платено по повеќе фактури од ЕВН Хоме ДОО-Скопје и повеќе банковни изводи<br>- 777.027 вратени во Буџет |
| 2. | Комунални услуги (вода и ѓубрарина) - конто 421190 | 400.000 | 407.215 | - Платено по повеќе фактури и повеќе банковни изводи |
| 3. | Материјали за греење- конто 421290 | 900.000 | 1.415.843 | -Платено по договор и повеќе фактури од „Пуцко петрол“ и повеќе банковни изводи |
| 4. | Материјални трошоци за реализација на | 1.291.028 | 1.290.295 | - Средствата се реализирани за трошоци за ангажирање на тројца надвоирепшни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Програмата | | | соработници, канцелариски материјал, телефон, пошта, интернет, разни матријали, одржување и осигурување на моторни возила, материјали за хигиена, списанија и весници, одржување на објекти, репрезентација и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи<br>-733 денари се вратени во Буџет |
| 5. | Исплата на отпремнини и парична помош во случај на смрт на смрт на член од потесното семејство | 343.425 | 343.425 | - Исплатена е отпремнини за пензионирање на 4 вработени и парична помош во случај на смрт на член од потесното семејство на 2 вработени<br>- Платено по повреќе банковни изводи |
| | **Вкупно:** | **5.894.453 денари** | **5.097.764 денари** | **- 19.589 денари се прелеани за исплата на трошоци за интернет, пошта и фиксен телефон**<br>**-777.100 денари се вратени во Буџет** |

## 80 – Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, бр. 31-1964/1 од 02.03.2023 г. и анекс-договорите бр. 31-1964/5 од 20.10.2023 г. и бр. 31-1964/1 од 19.12.2023 г., на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од **1.545.000** денари.

Проектите од музејската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Системски археолошки ископувања на локалитетот Градиште, с.Црнобуки | 200.000 | 199.995 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници и теренски додаток, како и по фактури за гориво, канцелариски материјали, материјали за работа и поправки.<br>- Платено по повеќе банковни изводи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 3 последователни дена |
| 2. | Реевиденција, идентификација и дигитално документирање на археолошките локалитети под надлежност на НУ Завод за заштита на споменици на културата и музеј -Битола | 70.000 | - | **Проектот не е реализиран** Според изјавата на директорката Мери Стојанова, Енгин Насух, советник археолог, поради здравствени причинине бил во можност да го реализира проектот. Есента работел на друг проект и не бил во можност да го реалиизра и овој проеект. |
| 3. | „Ние во Музеј" - Проект за пристапност ,инклузија и презентација на културно наслетство за деца,ученици и возрасни со сензорна и физичка попреченост | 100.000 | 99.894 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за канцелариски материјали, копирање и печатење, репрезентација, материјали за работа и поправки. - Платено по повеќе банковни изводи |
| 4. | Изготвување на елаборат за состојбата на артефактите од метал во постојаната поставка на НУ Завод и музеј Битола ( II дел ) | 35.000 | 33.693 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по фактури за транспорт, канцелариски материјали, набавка на опрема, материјали за работа и поправки. - Платено по повеќе банковни изводи |
| 5. | Каталог градски костими | 100.000 | 94.738 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за канцелариски материјали, копирање и печатење, репрезентација, трошоци, ЦИП запис. - Платено по повеќе банковни изводи |
| 6. | Конзервација на градски дводелен фустан | 100.000 | 94.643 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за канцелариски материјали, копирање и печатење, патни трошоци, материјали за работа. - Платено по повеќе банковни изводи |
| 7. | Одржување на Меморијалниот музеј во с.Смилево | 800.000 | 800.040 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по фактури за за поправки и одржување - Платено по повеќе банковни изводи |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Одржување на Меморијалниот музеј во с.Смилево | 70.000 | 69.140 | - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за гориво, средства за хигиена, материјали за работа и поправки. -Платено по повеќе банковни изводи |
| 9. | Одржување на спомен куќата на Татарчеви | 70.000 | 69.982 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници и теренски додаток, како и по фактури за гориво и материјали за работа и поправки. -Платено по повеќе банковни изводи -Теренски додаток во износ од 21.710 д. исплатен на две хигиеничарки |
| | **Вкупно:** | **1.545.000 денари** | **1.462.125 денари** | - **82.875 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |

При надзорот е утврдено дека при реализацијата на проекти од заштитата на недвижното културно наследство и од музејската дејност, во одреден помал број на случаи, Заводот исплаќал надоместоци за теренски додаток на вработени и тогаш кога вработените не биле три последователни денови на терен, што не е во согласност со член 76 од Колективниот договор за културата (Сл. Весник на РСМ бр. 10/20), во којшто е наведено дека „работникот, врз основа на решение со кое се упатува за работа на терен, во најмалку три последователни денови, има право на надомест за теренски додаток. Износот на теренски додаток за еден ден теренска работа е во висина од 10% од просечната месечна плата во РМ, според последните објавени податоци на Државниот завод за статистика“.

При надзорот од страна на инспекторот им е укажано на присутните лица за неопходноста од задолжително водење на соодветна евиденција во којашто ќе се наведат датумот и деновите во коишто работникот бил упатен на терен, како и пресметаниот износ на дневен надомест за теренски додаток, што е неопходно од аспект на водење на веродостојна сметководствена документација кај буџетските корисници.

**<u>10- Литература и издавачка дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на литературата и издавачката дејност, бр. 24-2583/1 од 08.03.2023 г., од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Центарот му се преведени средства во вкупен износ од 380.000 денари.


Министерство за култураna
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Проектите од визуелни уметности, архитектура и дизајн се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. Бр | Назив на проект | Одобрени и исплатени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Зборникот на трудови“ на НУ Завод и Музеј-Битола, бр.25, група автори | 180.000 | 103.979 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за копирање и печатење, гориво, репрезентација и ЦИП запис. - Платено по повеќе банковни изводи |
| 2. | Етнографија и антропологија на Македонците „Нашинци“ од македонско-албанското пограничие, од д-р Мери Стојанова | 200.000 | 196.521 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за копирање и печатење и ЦИП запис. - Платено по повеќе банковни изводи |
| | **Вкупно:** | **380.000 денари** | **300.500 денари** | **-79.500 денари се вратени во Буџет** |

**60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн**

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн, бр. 23-3228/1 од 15.03.2023 г. и Анекс-договорот бр. 23-3228/3 од 18.12.2023 г., од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Заводот му се преведени средства во износ од **122.294** денари.

Проектите од визуелни уметности, архитектура и дизајн се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. Бр | Назив на проект | Одобрени и исплатени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изложба на 3Д тактилни копии и 2Д тактилни слики „Мулти сензорно искуство со | 82.294 | 82.294 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за копирање и печатење, репрезентација. - Платено по повеќе банковни изводи |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | уметност и архитектура“ | | | |
| 2. | Венецискиот проект на Роберт Јанкуловски и Моника Мотеска-преземање од НГМ | 40.000 | 40.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договори за надворешни соработници, како и по фактури за сместување, материјали за работа и репрезентација.<br>- Платено по повеќе банковни изводи.<br>-5.000 денари преведени во 2024 г. |
| | **Вкупно:** | **122.294 денари** | **122.294 денари** | |

**<u>90- Меѓународна дејност</u>**

Согласно со договорите за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Заводот за 2023 г. од областа на меѓународната дејност, бр. 33-2596/1 и бр. 33-2592/1 од 08.03.2023 г., како и анекс-договорите 33-2592/11 од 14.12.2023 г. и 33-2592/13 од 22.12.2023 г., од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Центарот му се преведени средства во вкупен износ од 284.025 денари.

Проектите од визуелни уметности, архитектура и дизајн се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. Бр | Назив на проект | Одобрени и исплатени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Учество на Меѓународната конференција „Connectiuons: Museums Facing Crises“ во Љубљана, Словенија | 54.063 | 54.063 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци за превоз на лица, гориво, патни трошоци и дневници.<br>- Платено по повеќе банковни изводи и од благајна. |
| 2. | Реализација на меѓународниот семинар „Музеите кои значат-постојани поставки и работа со посетители“ во Битола | 129.962 | 129.962 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци за сместување, исхрана, гориво, канцелариски материјали и репрезентација.<br>- Платено по повеќе банковни изводи. |
| 3. | Реализација на Изложбата на тактилни | 100.000 | 97.938 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци за сместување, превоз |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3Д предмети и 2Д тактилни слики и трибина за пристапност на културното наследство за лица со сензорна попреченост „Пристапно наследство за сите“ во КИЦ во Загреб, Хрватска | | | на лица, гориво, патни трошоци и дневници.<br>- Платено по повеќе банковни изводи и од благајна.<br>- На две лица исплатени по 5 дневници, иако требало по 4 |
| | **Вкупно:** | **284.025 денари** | **281.963 денари** | **- 2.062 денари се вратени во Буџет** |

За службеното патување за реализацијата на изложбата во КИЦ во Загреб, Хрватска, на две вработени им се исплатени по 5 дневници за патување во странство, иако при надзорот е утврдено дека требало да им се исплатат по 4 дневници. Имено, во патните налози, дневницата за патување во странство е пресметана според часот на поаѓање и враќање во Битола, иако, согласно со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци („Сл. весник на РМ“ бр.50/00, 64/01, 110/08, 82/10, 12/12, 05/13, 1/14 и 90/14), „ако за службено патување се користи авион, дневницата се пресметува од часот на полетувањето на авионот од РМ до часот на враќањето на авионот во РМ“. Според увидот во авионските билети, при надзорот е утврдено дека за службеното патување, на двете вработени им е исплатена една дневница повеќе од тоа што е предвидено со Уредбата.

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**1. Заводот ја реализирал годишната програма за работа на установата за 2023 година, освен проектот од музејската дејност „Реевиденција, идентификација и дигитално документирање на археолошките локалитети под надлежност на НУ Завод и Музеј –Битола“.Според изјавата на директорката Мери Стојанова, советникот археолог Енгин Насух, поради здравствени причини не бил во можност да го реализира проектот.**

**2. Заводот има постапено согласно со одредбите од Законот за културата во однос на доставување на полугодишни извештаи за реализација на годишната програма за работа на установата за 2023 година, како и на**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**нацрт-годишните програми за работа на установата за 2023 и 2024 година.**

3. Заводот има постапено согласно со обврската од членот 70-б став (2) од ЗК за доставување на извештаи за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа за 2023 година, по дејности.

4. Во врска со обврската од член 70 став (7) од ЗК, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека по доставувањето на решенијата на министерот за култура, УО на Заводот донел одлуки за усвојување на годишните програми за работа за 2023 и 2024 г., иако директорот на Заводот не ги донел годишните програми, туку УО, практично, ги усвоил решенијата на министерот за култура.

5. При надзорот е утврдено дека при реализацијата на проекти од заштитата на недвижното културно наследство и од музејската дејност, во одреден помал број на случаи, Заводот исплаќал надоместоци за теренски додаток на вработени и тогаш кога вработените не биле три последователни денови на терен, што не е во согласност со член 76 од Колективниот договор за културата, во којшто е наведено дека „работникот, врз основа на решение со кое се упатува за работа на терен, во најмалку три последователни денови, има право на надомест за теренски додаток“.

6. При реализацијата на изложбата во КИЦ во Загреб, Хрватска, на две вработени лица, Заводот им исплатил по 5 дневници за службено патување во странство, иако при надзорот е утврдено дека, согласно со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, на вработените им следувале по 4 дневници.

7. Заводот нема поставено систем за електронска евиденција на работното време на вработените, при што од страна на инспекторот е укажано на доследно применување на обврската по член 116 став (7) од


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Законот за работните односи, според којшто „работодавачот кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работа се врши на една или повеќе локации е должен на секоја локација да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа".**

**- Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, ќе биде донесено решение со опомена за отстранување на неправилностите од точките 4, 5 и 6 од констатациите во Записникот.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Мери Стојанова, директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
|---|---|---|---|
| Датум: | 29.08.2023 г. | Датум: | 29.08.2023 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk